РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И
КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

Бр. 02-282/3

26.05.2015 година

Битола

Врз основа на член 66 од Законот за високото образование (Сл.весник. на РМ 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015 и 20/2015) а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РМ бр. 13/2006, 86/2008, 6/2010 и 42/2014), Деканатската управа на Факултетот за информатички и комуникациски технологии во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на својата 18-та седница ја донесе следнава

# ОДЛУКА

## за утврдување на листа на информации од јавен карактер

1. Се утврдува листа на информации од јавен карактер, за кои Факултетот за информатички и комуникациски технологии во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, е имател на информации:
   - Акти (општи) ( достапни во Билтен на УКЛО и веб страната на УКЛО)
   - Годишни извештаи (достапни во публикација на Факултетот)
   - Соопштенија до јавноста за тековни активности (достапни на веб страната и огласната табла на Факултетот)
   - Решенија за прием на студенти (огласна табла на Факултетот)
   - Извештаи за студенти (по разни основи: број на запишани, дипломирани студенти и сл. на прв циклус, на втор циклус, трет циклус и доктори на науки) (достапни до Дражавен завод за статистика, УКЛО)
   - Студиските и предметните програми за прв, втор и трет циклус студии (достапни на веб страната на Факултетот, УКЛО)
   - Распоред за предавања, вежби, колоквиуми и испити, резултати од колоквиуми и испити, листа на слободни изборни предмети од прв, втор и трет циклус и сл. (достапни на веб страната и огласната табла на Факултетот)
   - Регистар на вработени во наставно-научно, наставно-стручно и соработничко звање (достапни во стручна служба на Факултетот, извештаи на УКЛО, Министерство за образование и наука, Државен завод за статистика)
   - Научни и апликативни проекти (достапни на веб страницата на Факултетот)
   - Договори за меѓународна соработка (достапни во архивата на Факултетот, УКЛО)
   - Изданија на Факултетот (достапни во библиотеката на Факултетот)
   - Годишен извештај за финансиско и материјално работење (достапно до: УЈП, Државен завод за ревизија, Централен регистар, Министерство за образование и наука).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И
КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ - БИТОЛА

Партизанска, бб (комплекс Касарни); 7000 Битола; Република МАКЕДОНИЈА; Тел. +38947 259923,259921; Факс +38947 259917; П.Ф.10

**2.** Заштитени од правото на слободен пристап до информации се сите лични податоци (од персоналното досие на вработените, досието на студентот и лични податоци прикажани во други материјали), податоци од тековното материјално-финансиско работење по сите основи како и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап до информации согласно членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**3.** Деканот или овластено лице од Деканот определува простории за увид во информациите на Факултетот.

**4.** Листата на информации од јавен карактер се објавува на веб страната на Факултетот.

**5.** Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Декан
Ред. проф. д-р Пеце Митревски

ДН:

- декан
- службено лице за посредување со информации од јавен карактер
- секретар
- стручни служби
- лица задолжени за уредување на содржини на веб страната
- архива